АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20.07.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3329 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ- Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 јуни 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 27 април 2017 година, за непочитување на член 92 став 15 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-235 од 27.04.2017 година) на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје, емитуван на 27 јуни 2017 година, на регионално ниво (Скопје), е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 8. Опис на прекршувањето: /

## 9. Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***